# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за минерални суровини (“Службен весник на Република Македонија” бр.24/07, 88/08, 52/09 и 06/10), во член 3 во ставот (2) во точка 1 по зборот: “мастни“ се додаваат зборовите “шкрилци и“.

Точката 6 се менува и гласи:

“6) геотермални води од кои се искористува водата за пакување, се искористува акумулираната топлина во енергетски потреби, како и за лековити, балнеолошки или рекреативни цели“.

Во точка 7 по зборовите “(изворски води, врела и издански води)“ се заменуваат со зборовите “(минерални води и гас јаглероден двооксид, издански и изворски води и врела)“.

Ставот (3) се брише.

Член 2

Во член 12 во ставот (6) во точка 1 бројот “9“ се заменува со бројот “12“.

Член 3

Во член 19 во ставот (2) во точка 7 зборот: “дозволата“ се заменува со зборот: “концесијата“.

Член 4

Во член 25 во ставот (4) по зборовите: “концесиски простор“ се додаваат зборовите: “или експлоатационото поле“.

Член 5

Во член 26 во ставот (1) зборовите: “до исцрпување на минералните суровини” се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

“(3) Постапката за продолжување на концесијата за експлоатација се спроведува согласно член 29 од овој закон“.

Ставот (3) станува став (4).

Член 6

Во член 28 ставот (4) се брише.

Член 7

Во член 29 во став (5) точката (5) се брише.

Ставот (7) се менува и гласи:

“(7) По доставување на барањето органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини врши увид на лице место и по службена должност бара мислења од единицата на локална самоуправа и од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на заштитата на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспостот и врските, земјоделството, шумарството, водостопанството, како и од други органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област“.

Член 8

Во членот 34 во ставот (5) по зборовите: “од надлежните органи“ се додаваат зборовите: “за што концедентот и концесионерот склучуваат договор за пренос на концесијата“.

Член 9

Во членот 35 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

“(2) Во случаите од став (1) од овој член сите дозволи, решенија и одобренија престануваат да важат“.

Член 10

Во член 36 во ставот (1) зборовите: “под услов концесијата за експлоатација на минерални суровини да не е продолжена согласно со членот 26 од овој закон“ се бришат.

Член 11

Во член 39 во ставот (2) зборовите: “при што се спроведува постапка за затварање на рударските објекти и рудникот на начин и под услови кои ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини“ се бришат.

Во ставот (5) зборовите: “министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини формира комисија која е должна да ја утврди состојбата на лице место и исполнувањето на обврските утврдени со закон и договорот за концесија и да достави извештај до министерот за економија во рок не подолг од 60 дена“ се заменуваат со зборовите: “ сите дозволи, решенија и одобренија престануваат да важат ”.

Член 12

Во член 46 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

“(3) Жалбата од став (2) не го одлага извршувањето решението“.

Член 13

Во член 48 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

“(3) Во случај на престанок на важење или одземање на дозволата за експлоатација од член 41 од овој закон, престанува да важи и дозволата за изведување на рударски работи според дополнителенд рударски проект“.

Член 14

Во член 49 став (1) по зборот: “експлоатација“ се додаваат зборовите: “и подготовка“.

Член 15

Во член 50 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

“(3) За издавањето на овластувањето од став (2) од овој член се плаќа надоместок во износ од 3.000 денари, кои се приход на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.“

Член 16

Во член 53 по ставот (3) се додаваат три нови става (4), (5) и (6) кои гласат:

“(4) За добивање на лиценцата од ставот (2) на овој член се полага стручен испит, пред испитна комисија“.

(5) На членовите на Комисијата од став (4) од овој член им следува надоместок. Висината на надоместокот го определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во зависност од реално потребните трошоци за работата на членовите на Комисијата.“

(6) За издавањето на лиценцата од став (2) од овој член се плаќа надоместок во износ од 3.000 денари, кои се приход на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.“

Член 17

Во член 55 по ставот (4) се додава нова став (5) кој гласи:

“(5) На членовите на комисијата од став (2) од овој член им следува надоместок. Висината на надоместокот го определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во зависност од реално потребните трошоци за работата на членовите на Комисијата “.

Ставовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (6), (7) и (8).

Член 18

Во насловот на дел IV по зборот:“документација“ се додаваат зборовите: “и рударски проекти“.

Член 19

Во член 56 ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Член 20

Во член 58 по ставот (3) се додаваат три нови става (4), (5) и (6) кои гласат:

“(4) За добивање на лиценцата од ставот (2) на овој член се полага стручен испит, пред испитна комисија“.

(5) На членовите на Комисијата од став (4) од овој член им следува надоместок. Висината на надоместокот го определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во зависност од реално потребните трошоци за работата на членовите на Комисијата.“

(6) За издавањето на лиценцата од став (2) од овој член се плаќа надоместок во износ од 5.000 денари, кои се приход на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.“

Член 21

Во член 59 по ставот (3) се додаваат три нови става (4), (5) и (6)кои гласат:

“(4) За добивање на лиценцата од ставот (2) на овој член се полага стручен испит, пред испитна комисија“.

(5) На членовите на Комисијата од став (4) од овој член им следува надоместок. Висината на надоместокот го определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во зависност од реално потребните трошоци за работата на членовите на Комисијата.“

(6) За издавањето на лиценцата од став (2) од овој член се плаќа надоместок во износ од 5.000 денари, кои се приход на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.“

Член 22

Во член 60 во ставот (2) зборовите “точка 1 и 3“ се заменуваат со зборовите “точка 3“.

Ставот (4), (5) и (6) се менуват и гласат:

“(4) Стручната оценка (ревизија) на геолошката документација од ставот (2) од овој член ја врши Комисија за ревизија на геолошка документација која ја формира

министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини. За членови на оваа комисија може да бидат именувани лица кои имаат лиценца за изработка на геолошка документација, како и доктори на науки од областа на геологијата.

(5) Стручната оценка (ревизија) на рударските проекти од ставот (1) од овој член ја врши Комисија за ревизија на рударските проекти која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини. За претседател и членови на оваа комисија може да бидат именувани лица кои имаат лиценца за изработка на рударски проекти, како и доктори на науки од областа на рударството.

(6) Комисиите од став (4) и (5) се состојат од претседател, двајца членови и скеретар и за секоја извршена стручна оценка (ревизија) им следува соодветен надоместок. На претседателот, членовите и секретарот за секоја извршена стручна оценка (ревизија) им следува соодветен надоместок во зависност од тоа за кој вид на минерална суровина е изработена предметната документација.

По ставот (6) се додаваат два нови става (7) и (8) кои гласат:

(7) Владата на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, донесува Тарифник во кој ги утврдува висината на надоместоците за вршење на стручна оценка (ревизија) на геолошка докуметација и рударски проекти

(9) Барање за вршење на стручната оценка (ревизија) поднесува иметелот на концесијата за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини.

Член 23

Во член 61 ставот (1), (2) и (3) се менуваат и гласат:

"(1) За извршената стручна оценка (ревизија), комисиите од член 60 став (7) и (8) издаваат ревизиска калузула и изготвуваат ревизиски извештај, со кој потврдуваат дека геолошката документација и рударските проекти се изработени согласно овој и други закони.

(2) Ревизиската клаузула и ревизискиот извештај го потпишуваат претседателот и членовите на комисиите.

(3) Поблиските услови и начинот на вршење на стручната оцена (ревизија) на геолошката документација и рударските проекти ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини".

Член 24

Во член 70 по ствот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

"(3) Концесионерот што врши експлоатација на минерални суровини е одговорен за управувањето, одржувањето и заштитата на одлагалиштата и

хидројаловиштата кои што се создадени или се создаваат при минералната технологија на експлоатација на минералните суровини без оглед на просторот и површината на која се наоѓаат“.

Член 25

(1) Концесионерите на кои им е издадено одобрение за експлоатација и одобренија за експлоатација по дополнителен рударски проект до денот на влегување во сила на Законот за минерални суровини (Службен весник на Република Македонија бр.18/99 и 29/02) се должни да поднесат барање за издавање на дозвола за експлотација во рок една година од денот на влегување во сила на овој закон.

(2) Доколку концесионерите во рокот од ставот (1) од овој член не поднесат барање за издавање на дозвола за експлоатација договорите за концесија престануваат да важат.

(3) Концесионерите на кои им е издадено одобрение за експлоатација согласно Законот за минерални суровини (Службен весник на Република Македонија бр.18/99 и 29/02) се смета дека имаат дозвола за експлоатација.

Член 26

(1) Договорите за концесија кои се склучени согласно Законот за минерални суровини (Службен весник на Република Македонија бр.18/99 и 29/02) и кои не се усогласени со одредбите од тој закон до 31.12.2008 година се должни да се усогласат со одредбите од тој закон до 31 март 2011 година.

(2) Договорите за концесија склучени согласно Законот за минерални суровини (Службен весник на Република Македонија бр.18/99 и 29/02) кои се усогласиле со одредбите од овој закон по 31.12.2008 година се смета дека се усогласени со одредбите од овој закон.

Член 27

(1) Започнатите постапки за издавање на лиценца за техничко водење и надзор на изведувањето на рударските работи и лиценци и овластувања за изработка на геолошка документација до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат согласно одредбите од овој закон.

Член 28

(1) Субјектите кои управуваат со бањите и производителите на пакувана вода, газирани и негазирани пијалоци кои вршат експлоатација на термоминерални и подземни води се должни согласно одредбите од овој закон да отпочнат постапка за добивање на концесија за експлоатација до 31 март 2011 година.

(2) Концесијата за експлоатација на субјектите од став (1) од овој член се доделува врз основа на барање согласно член 29 од овој закон.

Член 29

(1) Лицата кои се стекнале со лиценца за изработка на геолошка документација и рударски проекти, односно лицата кои имаат положено стручен испит за самостојно вршење на работите од областа на геологијата и рударството до денот на влегување во сила на овој закон се ослободени од полагање на стручни испити согласно со членовите 53, 58 и 59 од Законот за минерални суровини (Службен весник на Република Македонија бр.24/07, 88/08, 52/09 и 6/10).

(2) Лицата кои се имаат здобиено со лиценца за изработка на геолошка документација и рударски проекти, односно лицата кои имаат положено стручен испит за самостојно вршење на работите од областа на геологијата и рударството до денот на влегување во сила на овој закон можат да вршат и работи на техничко водење и надзор согласно член 6 став (5) и член 53 од од Законот за минерални суровини (Службен весник на Република Македонија бр.24/07, 88/08, 52/09 и 6/10).

(3)Лицата кои имаат положено стручен испит за самостојно вршење на работата од областа на геологијата и рударството до денот на влегување во сила на овој закон и имаат добиено уверенија и овластувања од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе се заменат со лиценци и овластувања во согласност со овој закон, најдоцна до 30.06.2011 година.

Член 30

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за минерални суровини.

Член 31

(1) Со денот на влегување во сила на овој закон престанува да важи член 34, 35 и 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини (“Службен весник на Република Македонија” бр. 6/10).

Член 32

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.